**www.kouzon.com.mk**
DTC Paloma Bjanka 2/2 –Skopje, Macedonia
Phone +389 (2) 323 88 01; Fax +389 (2) 323 88 06; Mail kouzon@mt.net.mk;

# Au Pair in America

Au Pair in America е целогодишна програма наменета за млади девојки кои имаат искуство и сакаат да работат со деца, а во исто време покажуваат голем интерес кон патувања и запознавање на други култури. Au Pair in America програмата им нуди на сите апликанти можност за престој во САД од минимум една година и максимум две години. Визата која што им се одобрува од страна на Американската Амбасада е позната како Au Pair J1 виза и е во времетраење од една година. Истата виза може да се продолжи за уште една година доколку апликантот одлучи да остане во САД уште една година после првичниот едногодишен престој.

Во програмата, покрај работното искуство е вклучен и едукативен дел. Односно, секој апликант задолжително мора да посетува курсеви за време на нивниот престој во САД. Секој апликант ке има можност за избор на курс кој сака да го посетува.

Апликантите самите ги бираат семејствата кај кои би оделе да чуваат деца со тоа што првиот контакт со фамилијата е секогаш телефонски. Понатамошниот контакт се одржува преку е-маил поради што секој апликант задолжително мора да има е-маил адреса која редовно ке ја користи.

Во целиот процес на аплицирање па се до заминувањето во САД, апликантите добиваат три пакети од страна на Au Pair програмата и тоа:

1. Welcome pack – апликантите го добиваат при нивно прифакање од страна на програмата

2. Placement Pack – пакет кој ги содржи деталите од семејството, DS-2019 формулар, SEVIS, авиобилет (можно е да се добие и после виза интервјуто), здравствено осигурување и фактура со износ од 500 долари кои секој апликант е должен да ги плати пред интервјуто за американска виза

3. Guidelines towards successful year – пакет кој содржи корисни информации за целиот престој на апликантот во САД.

**Што е вклучено во програмата:**

1. Обезбедување на семејство
2. DS 2019 формулар
3. SEVIS (цената е 35 долари, мегутоа овие средства се платени од страна на фамилијата)
4. Здравствено осигурување
5. Бесплатна авионска карта

**Услови за аплицирање?**

- Апликантите да бидат на возраст од 18 до 26 години
- Да имаат завршено минимум средно образование
- Да имаат искуство во одгледувањето на деца (минимум 200 часа)
- Познавање на англискиот јазик на ниво на комуникација
- Возачка дозвола

**Потребни документи?**

- Пополнета апликација [1]
- Копии од завршено образование
- Копија од возачка дозвола (македонска и меѓународна)
- Уверение за неосудуван – оригинал и преведено на англиски јазик
- Копија од пасош
- Писмо до идната фамилија-домаќин[2]
- Слики со децата кои ги чувале[3]
- 2 слики мали пасошки формат (насмеани)
- 3 препораки[4]
- CPI тест[5]
- Потврда од факултет (доколку се студенти) – оригинал и преведена на англиски јазик

**Напомена:**

[1]Од апликацијата, страна 9 и 11 не се пополнуваат. Од страна 8 односно од препораките од претходно работно искуство со деца задолжително е секој апликант да приложи минимум две препораки со работно искуство од минимум 200 работни саати. Во склоп на апликацијата има и формулар таканаречен Medical Form кој се состои од 4 страни. Првите две страни ги пополнува самиот апликант, додека останатите две задолжително мора да ги пополни доктор со тоа што на последната страна мора да се впишаат деталите на докторот како и печат од истиот.

[2]Dear Host Family Letter или Писмото до идната фамилија задолжитлно мора да содржи минимум 600 зборови. Во писмото секој апликант мора да обрато внимание на следниве делови:

1. Краток дел во кој апликантот ке се претстави себеси

2. Детален опис и објаснување на досегашното искуство со деца. Заедно со апликацијата се бара да се достават минимум две препораки од две различни фамилии со то што истите мора детално да бидат разработени во самото писмо во посебни пасуси. Мора да се даде детален преглед на обврските што апликантот ги имал додека работел во одредена фамилија како и на ницните активности. Пожелно е да се даде и краток осврт на развитокот на детето односно краток опис на некои специфичности за развитокот на детето во неговата возраст.

**www.kouzon.com.mk**
DTC Paloma Bjanka 2/2 –Skopje, Macedonia
Phone +389 (2) 323 88 01; Fax +389 (2) 323 88 06; Mail kouzon@mt.net.mk;

3. Краток осврт на бенефитите кои апликантот би ги имал од самата програма, причините поради кои апликантот се одлучил да аплицира за програмата и заблагодарување до фамилија која во иднина би фо прифатила апликантот.

[3]Со секоја приложена слика треба да се достави и коментар во врска со она што е на самата слика

[4]Препораките се во склоп на апликацијата

[5]CPI тест или California Personality Inventory е еден вид прашалник кој се состои од 260 прашања, кој дава една покомплетна слика за личноста на апликантот. Сите пражшања се одговараат со да или не, односно даден е исказ и апликантот треба да одговори дали се сложува или не со истиот. Тестот се врши во канцеларијата ка Коузон во Скопје.

**Трошоци према програмата?**

- 4000 денари Administrative Fee[1]
- 500 долари Program Fee[2]

**Напомена:**
[1]Овие средства се уплаќаат на жиро сметката на Коузон Агенција и уплатницата треба да се достави на денот на самото аплицирање заедно со сите документи.
[2]Вкупната сума од 500 долари се уплаќа веднаш по даобивањето на фамилија односно неколку денови пред влез во амбасада.
Авионскиот билет го покрива самата Au Pair in America Програма.

**Кои трошоци не се вклучени во програмата?**

- 131 долар за američка виза[1]
- 12 долари за пин
-

**Напомена:**
[1]Овие средства ги уплаќате во Комерцијална Банка на жиро сметката на Американската Амбасада во Скопје и во никој случај не ви се враќаат.

**Неповратни средства:**

1. Во случај на недобивање виза, неповратни средства се:
   - 4000 денари агенциска провизија
   - 131 долар за америшка виза
   - 12 долари за пин

2. Во случај апликантот да се откаже поради било кои други причини освен поради недобивање виза сите средства кои до тој момент биле уплатени не се повратни.

Новина во целата процедура за аплицирање за Au Pair in America програмата е тоа што секој апликант мора да се регистрира, односно да аплицира и on-line. Подетални информации за целоснот on-line аплицирање е прикажано во додаток 1. Должност на секој агент е да им асистира на сите апликанти при регистрацијата, пополнувањето на on-line апликацијата, скенирањето на документите и прикачувањето на истите во on-line апликацијата. Доколку агентот не е во можност да им асистира на апликантите со on-line апликацијата, задолжително мора да ги најават апликантите еден до два дена пред нивното доаѓање во Скопје.